КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02 – 311/1
23 · 03 · 2020 год.
СКОПЈЕ



23.3.2020

Врз основа на членот 15, став 1 т.13 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, а врз основа на прогласената вонредна состојба во Република Северна Македонија од Претседателот на Република Северна Македонија Стево Пендаровски, со цел полесно справување со пандемијата предизвикана од вирусот KOVID-19, Управниот одбор на Комората, со електронската комуникација одржана на од 21.03.2020 до 23.3.2020 година донесе

## ОДЛУКА

### за пролонгирање на роковите за плаќање на членарина и екстензија на рокот на важноста на овластувањата

1. Со оваа одлука комората ќе ја продолжи важноста на овластувањето за наредните 120 дена од денот на формалното (според евиденцијата) завршување на рокот на важност на овластувањата кои биле со рок на важност помеѓу 1.март и 1 Јули 2020 година..
2. После периодот од 120 дена, ќе се воспостави нормално продолжување на овластувањата со уплата на регуларната годишна членарина. (од 50 евра).
3. Во периодот од 120 дена, до измирувањето на членарината овластувањето останува во важност со службена екстензија на рокот на важност во електронскиот регистар, спроведена со повикување на одлуката на УО.
4. После добивање на известување од Комората (кое се генерира автоматски) за продолжување на важноста на овластувањето членот може во одговор на e-mailot да побара екстензија на важноста за 120 дена и одложување на рокот на плаќање на членарината за 120 дена. Службите ќе постапат според барањето на членот и наредното потсетување ќе биде испратено после 120 дена, а во електронската евиденција ќе се нотира дека овластувањето ќе продолжи да важи во наредните 120 дена.
5. За оперативна употреба, членот може да побара да му биде отпечатено овластувањето со продолжениот рок на важење и да му биде испратено скенирано на е-маил, или да го поднесе во општината постоечкото овластувањето заедно со оваа одлука за продолжена важност која ќе може да ја отпечати од сајтот на комората. (зависно од барањето на администрацијата на општината)
6. Одлуката да се објави на веб странаата на Комората и да се достави до: надлежното Министерство за Транспорт и врски, членовите на Собранието, членовите на Управниот Одбор, членовите на Надзорниот одбор на Комората, стручната служба и сметководството.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски,
дипл.маш.инж.

Прилози: e-mail комумикација,
табела на гласање

Изработил ДА/МД